**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

================================================================

**Бр. 08-573/16**
**26.12.2023 год**
**ПЛАСНИЦА**

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 92/07, .....„Службен весник на РСМ" бр. 151/21) и член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот (Службен весник на РМ бр. 54/12, 17/13, 21/13, 142/14) и член 17 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник бр. 02/2006 и 03/2019), Советот на општина Пласница на 24- та седница одржана на ден 26.12.2023 година донесе:

# О Д Л У К А

## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година

### Член 1

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година, утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Пласница, по катастарски општини.

### Член 2

Просечната цена на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за КО Пласница, КО Преглово и КО Лисичани, изразена во денари за метар квадратен изнесува:

| Ред. бр | Вид на земјиште | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ниви | 400 | 350 | 300 | 250 | 200 | 200 | 200 | 200 |
| | Овошни градини | 1.000 | 900 | 800 | 700 | 600 | 500 | 450 | 400 |
| | Ливади | 350 | 300 | 250 | 200 | 200 | 200 | 200 | 200 |
| | Пасишта | 180 | 170 | 160 | 150 | 150 | 150 | 150 | 150 |
| | Шуми | 250 | 230 | 210 | 190 | 190 | 190 | 190 | 190 |

Просечната цена на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за КО Дворци, изразена во денари за метар квадратен изнесува:

| Ред. бр | Вид на земјиште | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ниви | 500 | 450 | 400 | 350 | 350 | 350 | 350 | 350 |
| | Овошни градини | 1.000 | 900 | 800 | 700 | 600 | 500 | 450 | 400 |
| | Ливади | 350 | 300 | 250 | 200 | 200 | 200 | 200 | 200 |
| | Пасишта | 180 | 170 | 160 | 150 | 150 | 150 | 150 | 150 |
| | Шуми | 350 | 330 | 310 | 290 | 270 | 270 | 270 | 270 |

**Член 3**

Со денот на започнувањето на примената на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за одредување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година со бр.08-99/14 од 27.02.2023 година донесена од Советот на општина Пласница.

**Член 4**

Оваа одлука ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Џемаил Асаноски**